Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Скопје/Shkup, 12 декември 2023 година/viti
Бр./Nr.: 41-11934/6

До
Министерството за образование и наука
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" – СКОПЈЕ
Институт за земјотресно инжинерство и инжинерска сеизмологија-Скопје
Бр. 09-1975/1
18.12 20 23 год.
СКОПЈЕ

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии-докторски студии (180 ЕКТС) по „Земјотресно инжинерство" на Институт за земјотресно инжинерска сеизмологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, дадено од Владата на Република Северна Македонија, под бр.41-11934/5 од 12 декември 2023 година.

м-р Методија Димовски
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Подготвил: Христијан Николов, помлад соработник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор

До Архива
Роберта
заслита
смен директор

Прилог: 1

Доставено и до:
-Институт за земјотресно инжинерство и инжинерска сеизмологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
-Агенцијата за квалитет во високото образование


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Sekretariati i përgjithshëm
Булевар „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
Bul. „Ilinden" nr. 2, Shkup
+389 2 3118022
www.vlada.mk

Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 декември 2023 година, дава

# Р Е Ш Е Н И Е
## за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Земјотресно инжинерство“ на Институт за земјотресно инжинерство и инжинерска сеизмологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии–докторски студии (180 ЕКТС) по „Земјотресно инжинерство“ на Институт за земјотресно инжинерство и инжинерска сеизмологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решението за акредитација на студиската програма „Земјотресно инжинерство“, од трет циклус на академски студии–докторски студии (180 ЕКТС), на Институт за земјотресно инжинерство и инжинерска сеизмологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр.08-81/4 од 15.5.2023 година, од Агенцијата за квалитет во високото образование, односно Одборот за акредитација на високото образование, Институтот за земјотресно инжинерство и инжинерска сеизмологија се обрати со Барање бр.03-989/1 од 23.6.2023 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование со бр.08-964/1 од 23.6.2023 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии–докторски студии (180 ЕКТС) по „Земјотресно инжинерство“ на Институтот за земјотресно инжинерство и инжинерска сеизмологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, единица во состав.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование со Решение бр.08-964/2 од 30.6.2023 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на 3.7.2023 година изврши увид и изготви Извештај бр.08-964/3 од 26.7.2023 година, во кој констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии–докторски студии (180 ЕКТС) по „Земјотресно инжинерство“ на Институтот за земјотресно инжинерство и инжинерска сеизмологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, согласно Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*, решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб-страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Бр. 41-11934/5**
**12 декември 2023 година**
**Скопје**

**Претседател на Владата на**
**Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**

Подготвил: Христијан Николов, помлад соработник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата